РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-144/8
12-05-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 86 – та седница одржана на ден 05.05.2023 година донесе

О Д Л У К А

Постапката по предмет број 09-6390/1 од 24.06.2022 година, оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител, против лицето ----------, В.Д. декан на ------ при Универзитетот ----, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, по што после спроведена постапка за порамнување од страна на ДКСК и издавање на прекршочен платен налог до наведеното лице, како и доставено Барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК, ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-6390/1 од 24.06.2022 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител против лицето ----------, В.Д. декан на ---------- при Универзитетот ------, со наводи дека истиот ја извршува функцијата декан на Факултетот ------- при Универзитетот -------, како сопственик управува со Друштвото за проектирање, изградба и инженеринг ------- и ја извршува функцијата член на УО на ----------.

ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата и ја утврди следната фактичка состојба:

1. Лицето е избрано за декан на Факултетот за --------- при Универзитетот -------- со Одлука од 17.06.2019 година со мандат од три години;

2. Со Решение бр. 02-1126/1 од 28.06.2022 година е назначен за В.Д. декан на истата институција од страна на ректорот на овој универзитет, по што лицето стапува на должност од 01.07.2022 год.;

3. Со Одлука бр. 08-407/30 од 23.02.2018 година лицето -------- бил именуван за извршување на функцијата член на УО на ---------, а со Одлука за разрешување донесена од страна на Советот на општина --------- со бр. 08-926/7 од 14.04.2022 год му престанува мандатот на истиот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

4. Видно од Тековната состојба од ЦРСМ за Друштвото за проектирање, изградба и инженеринг --------, лицето како сопственик управува со истото друштво.

На колегиумот одржан на ден 17.01.2023 година ДКСК заклучи, со Службена белешка да се отвори предметот во Одделението за следење на имотна состојба и интереси и да се изврши проверка во однос на тоа, дали лицето -------- има поднесено образец анкетен лист согласно член 82 став 3 од ЗСКСИ после престанок на функцијата декан на Факултетот за ------ при Универзитетот ------- и после престанок на функцијата член на УО на ----------.

Исто така, се изврши проверка дали истиот има поднесено образец анкетен лист согласно член 82 став 1 од ЗСКСИ после назначување на функцијата В.Д. декан на Факултетот --------- при Универзитетот ---------, по што доколку лицето нема постапено согласно наведените одредби од ЗСКСИ, ќе се покрене постапка за порамнување против него согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ.

Покрај наведеното, ДКСК констатира дека лицето -------, покрај тоа што ја извршува функцијата Декан на Факултетот за -------- при Универзитетот ------- во исто време и како сопственик управува со Друштвото за проектирање, изградба и инженеринг -------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

До наведеното лице беше доставено Известување со бр. 09-144/4 од 27.01.2023 година дека истиот го прекрши член 45 став 1 од ЗСКСИ, по што од него беше побарано во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување да ја отстрани констатираната состојба, со тоа што управувањето на Друштвото за проектирање, изградба и инженеринг --------- ќе го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство. Поради прекршување на наведените одредби од ЗСКСИ од страна на ДКСК беше спроведена постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, кој согласно со Законот за прекршоците беше уредно доставен до сторителот и по кој сторителот во утврдениот рок не изврши уплата на предвидената глоба.

ДКСК, до Прекршочната комисија во ДКСК, поднесе Барање за поведување прекршочна постапка против именуваниот со бр. 09-144/7 бидејќи во рок од 15 дена сметано од приемот на доставеното известување не постапи и не ја извести ДКСК повратно, по што постапката пред Прекршочната комисија е во тек.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: К.З. - раководител

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk